РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08- 3054/8
03 -01- 2024 (2023)

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ број 12/2019) и член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 97-та седница одржана на ден 27.12.2023 година ја донесе следната

***Одлука***

Постапката по предмет со бр.08-3054/1 од 23.06.2023 година, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по предметот бр.08-3054/1 од 23.06.2023 година.

Предметот со бр.08-3054/1 од 23.06.2023 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

***Образложение***

Предметот со бр.08-3054/1 од 23.06.2023 година е оформен по анонимна пријава.

ДКСК од извршениот увид во својата евиденција констатира дека лицето Перпарим Бајрами во законски предвидениот рок по престанок и именување на функцијата претседател на управен одбор кој носи назив Генерален директор на Државна лотарија на Република Северна Македонија не поднел анкетни листови до Државната комисија за спречување на корупцијата.

ДКСК изготви записници за констатиран прекршок и прекршочни платни налози и истите ги достави до лицето Перпарим Бајрами. Истиот на ден 29.11.2023 година ја платил глобата во наведениот износ во прекршочните платни налози.

ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Изготвил: м-р Николина Тарчуговска-Милошевска, советник
Одобрил: м-р Владимир Георгиев, член

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk